## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 107 став 1 точка 11 и став 3 од Законот за оружје („Службен весник“ број 63/2007) министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за заштита на животната средина, просторно уредување и градежништво, донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, СМЕСТУВАЊЕ И ПРОМЕТ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА, ПОПРАВКИ И ПРЕПРАВКИ НА ОРУЖЈЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЦИВИЛНИ СТРЕЛИШТА

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат посебните просторни и технички услови, заштита од пожар, кражба и други злоупотреби и незгоди кои мора да ги исполнуваат правните лица на кои им е издадено одобрение за набавка на оружје, работни простории за производство и сместување на оружје, трговија со оружје и муниција, поправки и преправки на оружје, водење на цивилни стрелишта, како и составот и делокругот на работа на комисијата за утврдување на исполнувањето на наведените услови.

## I. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И СМЕСТУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ

### Член 2

Просториите за производство и сместување на произведеното оружје мора да ги исполнуваат следниве услови:

1. Прозорците, доколку ги има, да бидат заштитени со подвижна метална мрежа од надворешната страна на прозорецот, алки со дебелина од најмалку 5 mm и максимална големина на отворот од 70 x 70 mm или со фиксни решетки со дебелина на металните прачки од најмалку 10 mm. Притоа, најголемото растојание помеѓу прачките може да биде 100 mm, а помеѓу хоризонталната метална спојка/потпора до 300 mm;
2. Вратите кон надворешниот простор да бидат заштитени како што е предвидено за прозорци во точка 1 од овој став, со тоа што металната мрежа, односно рамката со решетки мора на едниот крај да биде прицврстена за надворешниот носечки ѕид, а другиот крај треба да се заклучи со две брави;
3. Надворешните ѕидови и таванот треба да бидат изградени од цврст материјал. За цврст материјал, според овој Правилник, се сметаат тули, бетон, камен и слично.

### Член 3

Произведеното оружје се сместува во посебна просторија која мора да биде одвоена од просториите за производство.

### Член 4

Просториите за производство на оружје и просториите во кои се сместува произведеното оружје мора да бидат обезбедени со постојана физичка и техничка заштита.

**Член 5**

Вратите на просториите за производство и складирање на оружјето мора да бидат заштитени со метална мрежа, или со рамка со решетки на начин пропишан во член 2, став 1, точка 2 од овој Правилник, од завршувањето на работното време до почетокот на идниот работен ден и во текот на привремено отсуство на вработените.

**Член 6**

Влезовите во работните простории за производство на оружје како и влезовите во работните простории за складирање на оружјето мора да бидат осветлени од првиот самрак до утринското дневно светло.

**Член 7**

За невработени лица е забранет влезот во просториите за складирање на оружјето, како и во просториите за производство на оружје.

## II. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПРОМЕТ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

**Член 8**

Оружјето и муницијата набавени за малопродажба се сместуваат и чуваат во приручно складиште.

Пиротехничките средства кои може да се продаваат на мало според Законот за експлозивни материи може да се продаваат и во просториите наменети за трговија на оружје и муниција доколку тие простории ги исполнуваат посебните просторни и технички услови кои ги пропишува овој Правилник.

Просториите кои се состојат од приручно складиште и продажен простор мора да сочинуваат единствена градежна целина.

**Член 9**

Приручното складиште за оружје мора да ги исполнува следниве услови:

1. Да биде изградено од незапалив материјал со минимална огноотпорност на ѕидовите, плафоните, подовите и отворите од 1 час;
2. Прозорците и вратите да бидат заштитени како што е пропишано во член 2 став 1 точка 1 од овој Правилник;

За несогорлив материјал, според овој Правилник, се смета секој оној материјал кој може да се класифицира како таков според хрватските стандарди.

**Член 10**

Греење на приручното складиште може да се врши само со уреди на топла вода, водена пареа или топол воздух кој се внесува однадвор, така што температурата на надворешната површина на уредот не надминува 120°C, односно, ако се чуваат пиротехнички средства, температурата на надворешната површина на грејното тело не смее да биде повисока од 74°C, додека температурата на воздухот со кој се врши загревање не смее да биде повисока од 54°C.

**Член 11**

Вклучувањето на осветлението мора да се изведува вон прирачното складиште. Во прирачното складиште не е дозволено осветлување на просторијата со отворен пламен.

**Член 12**

Излозите и вратите на продажниот простор мора да бидат заштитени со метална мрежа односно рамка со решетки, непрекинато од завршувањето на работното време до почетокот на следниот работен ден, како и за време на привремено отсуство на продавачот од деловната просторија.

Вратите на продавницата мора да бидат сместени така што исклучиво треба да водат во отворениот (надворешен) простор.

**Член 13**

Оружјето и муницијата може да се изложуваат во деловните простории само во текот на работното време. Вон работното време оружјето и муницијата мора да се чуваат во заклучени метални шкафови или во прирачно складиште.

Пушките може да се чуваат во простории надвор од металните шкафови, доколку тие се поврзани со челично јаже или со синџир кој е провлечен околу браникот на чкрапалото. Челичното јаже или синџир мора да бидат прицврстени на фиксна подлога (ѕидот, подот или просторијата за сместување на оружјето) и треба да бидат заклучени на двата краја.

**Член 14**

Одредбата од член 6 од овој Правилник се применува и на деловните простории наменети за промет на оружје и муниција.

**Член 15**

Одредбите од член 9 став 1 точка 1 и член 10 од овој Правилник нема да се применуваат во случаите кога се врши само трговија со оружје, но не и муниција.

**Член 16**

Складиштата во кои се врши трговија на оружје и муниција на големо мора да ги исполнуваат условите кои се утврдени со посебни услови за сместување и складирање експлозивни материи.

## III. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПОПРАВКИ И ПРЕПРАВКИ НА ОРУЖЈЕТО

**Член 17**

Одредбите на овој Правилник кои се однесуваат на просториите за производство и сместување на оружјето на соодветен начин се применуваат и за просториите за вршење поправки и преправки на оружјето.

## IV. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ЦИВИЛНИ СТРЕЛИШТА

**Член 18**

Цивилните стрелишта од отворен тип за оружје со жлебени цевки, за малокалибарски пушки со калибар 22 l.r. со рабно палење, за пушки од секаков калибар, за кратко огнено оружје од секаков калибар, за пушки со мазни цевки од секаков калибар, за летачки мети, и цивилните стрелишта од затворен тип за кратко огнено оружје од секаков калибар и за долго огнено оружје со жлебени цевки, мора да ги исполнуваат условите пропишани во овој Правилник.

### 1. Цивилни стрелишта од отворен тип за оружје со жлебени цевки

*1.1. Цивилни стрелишта од отворен тип за малокалибарски пушки со калибар 22 l.r. со рабно палење*

**Член 19**

Горните попречни капаци (бленди) за малокалибарски пушки со калибар 22 l.r. мора да бидат изработени од следниве материјали:

1. Армиран бетон C 12/15 (MB15) со дебелина од најмалку 8 cm или
2. Ѕидови од полни тули со дебелина од 12 cm, малтерисани со цементен малтер

Предниот дел на блендата пропишана во став 1 на овој член мора да биде целосно обложен со полно меко дрво, со дебелина од најмалку 24 mm, оддалечено најмалку 5 cm од ѕидот.

Висината на горната попречна бленда мора да биде најмалку 300 cm.

**Член 20**

Страничната заштита на цивилното стрелиште за малокалибарски пушки со калибар 22 l.r. мора да биде изведена од земјен насип или од ѕид изграден од цврст непробоен материјал.

Страничната заштита изведена од земјен насип може да има агол на наклон најмногу до 45°. Висината на земјениот насип мора да биде изведена во висина на горната бленда и на тој начин мора непосредно да се прилагоди на истата.

Страничната заштита мора да биде изградена од материјалите пропишани во член 19 од овој Правилник, без дрвената облога и со висина од најмалку 300 cm.

**Член 21**

Ако постои засолниште за индикаторите на погодоци, тогаш тоа засолниште и ѕидот на крајот на стрелиштето мора да бидат градени од материјалите пропишани во член 19 став 1 од овој Правилник.

**Член 22**

Одредбата од член 19 став 1 се применува и за ѕидот на крајот од стрелиштето.

**Член 23**

Растојанието помеѓу местата за гаѓање места мора да биде најмалку 125 cm.

**Член 24**

Фаќачот на зрна мора да биде исполнет со дрвени трупци од меко дрво, нареден во два реда со поединечна должина од најмалку 30 cm, поставен на начин ниту една хоризонтална решка да не се поклопува со решката од другиот дел. Надолната оска на дрвените трупци мора да биде поставена во насока на линијата на гаѓање.

**Член 25**

Кај отворените стрелишта подот на местото за гаѓање до целта мора да биде земјен или песочен, без каменчиња и туѓи тела, рамен и хоризонтален.

**Член 26**

Просторот на стрелиштето мора да биде ограден со ограда висока најмалку 2 м, изработена од плетена жица или друг материјал.

Ако страничната заштита на стрелиштето е изведена од земјен насип, тогаш жичната ограда мора да биде поставена вон стрелиштето и земјениот насип.

Просторот на стрелиштето мора да се означи со видливи знаци за предупредување, кои треба да се прицврстат долж оградата на доволно растојание.

Знаците за предупредување мора да бидат со димензии од најмалку 25 х 20 цм, да бидат во жолта боја со црни букви: „СТРЕЛИШТЕ, ВЛЕЗОТ Е ЗАБРАНЕТ“.

*1.2. Цивилни стрелишта од отворен тип за пушки од секаков калибар*

**Член 27**

Попречната горна бленда мора да биде изградена од армиран бетон  С25/30 (МВ30) и со дебелина од 20 цм.

Предната плоча/плотна на блендата која е свртена кон стрелецот мора да биде обложена со полно меко дрво, со дебелина од најмалку 24 мм, кое мора да биде оддалечено најмалку 5 цм од ѕидот.

**Член 28**

Одредбата од член 19 став 1 и 2 од овој Правилник се применува и за цивилни стрелишта од отворен тип за пушки од секаков калибар.

**Член 29**

Страничната заштита на стрелиштето од ѕидот мора да биде изградена од следниве материјали:

1. Армиран бетон С 12/15 (МВ15), со дебелина од 12 cm;
2. Ѕид од полна тула со дебелина од 24 cm, малтерисан со цементен малтер.

Висината на горната попречна бленда мора да биде најмалку 300 cm.

**Член 30**

Засолништето за индикаторите на погодоци, ако е изведено под земја, мора да биде изградено од следниве материјали:

1. Армиран бетон С 20/25 (МВ25), со дебелина од 10 cm или
2. Ѕид од полна тула С 16/20 (МВ20), со дебелина од 24 cm.

Ако засолништето за индикаторите на погодоци е над земја или е поставено странично од целта, тогаш мора да биде изградено од следниве материјали:

1. Армиран бетон С 12/15 (МВ15), со дебелина од 15 cm или
2. Ѕид од полна тула со дебелина од 25 cm малтерисан со цементен малтер

**Член 31**

Фаќачот на зрна кај отворените цивилни стрелишта за пушки од секаков калибар може да биде физички или конструиран, и мора да овозможува целосно запирање на зрното без можност за одбивање во која било насока.

Фаќачот на зрна мора да се одржува и оштетениот материјал да се замени со нов.

**Член 32**

Одредбите од членовите 24 и 25 од овој Правилник се применуваат и за цивилните стрелишта од отворен тип за пушки од секаков калибар.

*1.3. Цивилни стрелишта од отворен тип за кратко оружје од секаков калибар*

**Член 33**

Одредбите на овој Правилник кои се однесуваат на цивилните стрелишта од отворен тип за малокалибарски пушки, се применуваат на соодветен начин и на стрелиштата од отворен тип за кратко оружје од секаков калибар.

*1.4. Цивилни стрелишта од отворен тип за пушки со мазни цевки од секаков калибар за летачки цели*

**Член 34**

Големината на стрелиштето од отворен тип за пушки со мазни цевки од секаков калибар за летачки цели мора да биде со должина од најмалку 4/3 од максималниот дострел на сачмата со која се врши гаѓање (на пр., за калибар 12,7 mm и сачма со дијаметар од 3 mm – должината на стрелиштето мора да биде најмалку 300 m од линијата на гаѓање; за дијаметар од 3 mm – должината на стрелиштето мора да биде најмалку 400 m од линијата на гаѓање). Стрелиштето од отворен тип за пушки со мазни цевки од секаков калибар за летачки цели мора да биде оддалечено најмалку 300 m од работ на населбата.

**Член 35**

Одредбите од член 26 од овој Правилник се применуваат и за цивилни стрелишта од отворен тип за пушки со мазни цевки од секаков калибар за летачки цели.

## 2. Цивилни стрелишта од затворен тип за кратко огнено оружје од секаков калибар и за долго огнено оружје со жлебена цевка

**Член 36**

Ѕидовите и покривот на цивилното стрелиште од затворен тип за кратко огнено оружје од секаков калибар и за долго огнено оружје со жлебени цевки мора да бидат изградени од следниве материјали:

1. Армиран бетон C 16/20 (MB20), со дебелина од најмалку 10 cm;
2. Материјалите и димензиите пропишани во член 29 од овој Правилник или
3. Бетонски блокови со бетонско полнење со вкупна дебелина од 24 cm.

**Член 37**

Цивилните стрелишта од отворен тип за пушки со мазни цевки од секаков калибар за летачки цели мора да бидат без прозорци на страничните ѕидови, во внатрешниот простор за гаѓање.

Во случај на опасност од пожар, во просторот на стрелачката патека за гаѓање мора да биде вградена барем една врата заштитена од пробив на зрната, и која ќе се отвора кон надвор.

**Член 38**

Подната облога во просторот за гаѓање мора да биде направена од материјал кој лесно се одржува и го ублажува ударот на зрното.

**Член 39**

Внатрешната висина на стрелиштето мора да биде најмалку 300 cm.

**Член 40**

Пред фаќачот на зрна задолжително мора да се поставaт завеси од гумени ленти заради спречување на одбивање на остатокот од зрното во насока на стрелецот.

**Член 41**

Внатре во стрелиштето во текот на гаѓањето мора да се обезбеди отстранување на барутните гасови и оловната прашина со помош на уреди за вентилација.

Капацитетот на уредите за вентилација мора да обезбеди најмалку 12 пати во текот на еден час да го смени воздухот на стрелиштето.

Одводот на воздух мора да се врши на оддалеченост од 2 до 3 м пред стрелачкото место и фаќачот на зрна.

**Член 42**

Инсталациите за струја и гас како и светлинските тела мора да бидат изведени на таков начин да бидат заштитени од погодоци.

Пултот за управување со осветлението, вентилацијата и греењето мора да се наоѓа надвор од просторијата во која се врши гаѓање.

**Член 43**

Пунктот на стрелецот мора да биде осветлен со индиректно светло со јачина од 300 лукса. Целта мора да биде осветлена со светло со јачина од 1000 до 1200 лукса.

**Член 44**

Во затвореното стрелиште мора да се спроведат посебни мерки за звучна изолација, така што во просториите каде што не се врши гаѓање јачината на бучавата да не надминува 85 децибели. Надвор од објектот бучавата не смее да надмине 70 децибели, додека во најблискиот станбен објект не смее да надмине 45 децибели.

Звучната изолација мора да биде поставена од тешко горлив или самозгаснувачки материјал.

**Член 45**

За да се спречи одбивање на зрното, ѕидовите, плафонот и сите делови кои штрчат внатре во стрелиштето во насока на траекторијата на зрното, мора да бидат обложени со 24 mm дебело меко дрво или сличен материјал заштитен со огноотпорен слој.

**Член 46**

Ширината помеѓу стрелачките места за гаѓање мора да биде најмалку 125 см. Помеѓу стрелачките места за гаѓање мора да се постави преграда заради заштита на стрелецот од ударите на ракавите (чаури) на куршумите и прекини во гаѓањето.

**Член 47**

Пред пунктот за стоење на стрелецот пред секоја лента за гаѓање мора да се постави пулт за одложување на оружјето и муницијата во висина од 1 м, и ширина најмалку 40 см, а должината на пултот мора да биде еднаква со ширината на лентата/патеката за гаѓање.

**Член 48**

Одредбите од овој Правилник кои се однесуваат на просториите за промет со оружје и муниција се применуваат на соодветен начин при сместувањето на оружјето и муницијата во објектот на стрелиштето.

## V. ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ МОРА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ИЗДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВКА НА ОРУЖЈЕ

**Член 49**

Правните лица на кои им се издава одобрение за набавка на оружје ќе го сместат и чуваат оружјето и муницијата во прирачното складиште кое ги исполнува условите од член 9, 10 и 11 од овој Правилник.

## VI. ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ МОРА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ИЗДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВКА НА ОРУЖЈЕ

**Член 50**

Условите од член 1 од овој Правилник ги утврдува Комисијата на надлежната полициска управа (во понатамошниот текст: Комисија) која ја назначува началникот на полициската

управа. Комисијата е составена од три члена од кои еден е претседател на Комисијата. Претседателот и членовите на Комисијата имаат заменици.

За членови на Комисијата се именуваат:

- Службеник за работа со оружје,
- Инспектор за заштита од пожар и експлозиви
- Полициски службеник за противексплозивна заштита.

**Член 51**

Претседателот и членовите на Комисијата се должни одлучувачките факти за процена на постоењето на пропишаните услови да ги утврдат со директно набљудување, објективно и непристрасно. Претседателот и членовите на Комисијата со своите забелешки и факти во врска со утврдувањето на пропишаните услови, како и извршената инспекција, ја составуваат службената забелешка, секој според околностите на оние службени дејствија што тој лично ги спроведувал.

За извршените службени дејствија Комисијата треба да состави записник. Во записникот задолжително треба да се наведат најважните одлучувачки факти за утврдување на постоење на пропишаните услови, односно утврдените неправилности.

Записникот го потпишуваат претседателот, членовите и страната на која ѝ се врачува еден примерок од записникот.

Претседателот на комисијата еден примерок од потпишаниот записник со прилозите ќе го достави до началникот на полициската управа и организационата единица на Министерството во седиштето надлежно за работи со оружје.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Трговските друштва и стопанства кои вршат дејност на производство на оружје, промет на оружје и муниција, поправки и преправки на оружје и управување со цивилни стрелишта се должни да ја усогласат својата работа со одредбите од овој Правилник во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.

Трговските друштва и стопанства кои вршат дејност на производство на оружје, промет на оружје и муниција, поправки и преправки на оружје и управување со цивилни стрелишта кои нема да ја усогласат својата работа со овој Правилник во рокот наведен во став 1 од овој член, ќе престанат со вршење на дејноста производство на оружје, промет на оружје и муниција, поправки и преправки на оружје и управување со цивилни стрелишта по истекот на тој рок.

**Член 53.**

На денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за посебни услови што мора да ги исполнуваат деловните простории за производство на оружје, промет на оружје и муниција, поправки и преправки на оружје и управување со цивилни стрелишта, како и за заштита од пожар, кражба и други незгоди и злоупотреби („Службен весник“ број 8/93).

**Член 54.**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник“.

Број: 511-01-52-11883-2008

Загреб, 9 јуни 2008

Министер

**Берислав Рончевиќ**, в.д.